## МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЛАДИЛНА ТЕХНИКА, КЛИМАТИЗАЦИЈА И ТОПЛИНСКИ ПУМПИ

Машинскиот факултет - Скопје организираше Меѓународна конференција за ладилна техника, климатизација и топлински пумпи во Охрид, 14-16 април 2011, заедно со Меѓународниот Институт за Ладење (Париз).

На конференцијата беа презентирани најновите истражувања и примени во праксата со природен ладилен флуид амонијак, а специјални гости беа: Andy Pearson (Шкотска), Predrag Hrnjak (САД), John Thome (Швајцарија), Gary Webster (САД), Lambert Kuijpers (Холандија), и др.



Учествуваа и експерти од водечките фирми за ладење и климатизација: Johnson Controls, GEA Grasso, Mayekawa, Alfa Laval, LU-VE, Baltimore Aircoil, Evapco, Axima, Star Refrigeration, Guentner, Emerson Climate Technologies, Unilever и др. Присуствуваа 112 учесници од 33 земји од 5 континенти.

## МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ

Машински факултет - Скопје и Италијанското министерство за животна околина, земја и море потпишаа меморандум за соработка. Со овој договор, преку заедничка соработка ќе се развиваат мастер планови и стратегиски анализи за рационално користење на изворите на обновлива енергија во Р. Македонија, како и развој на проекти за одржлив развој.

## ПОСЕТА

Во организација на Кабинетот на Министерот Веле Самак, Машинскиот Факултет го посетија претставници на компанијата Honeywell, американска компанија која е најголем добавувач на автомобилската и авио индустријата со погони низ целиот свет. Претставници на Honeywell од интернационалниот центар во Индија ја посетија Македонија со цел да ја разгледаат како нова локација за потенцијално префрлување на активности од областа на поддршка на корисниците. За време на посетата на МФС, тие добија информации и слика за високото образование во Македонија, расположливост и профил на идни вработени и потенцијални соработки.

## ОДБРАНА

На ден 13.04.2011 пом. асс. м-р Бојана Трајаноска ја одбрани магистерската работа на тема "Нумеричко моделирање и анализа на заварени врски".

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец април 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски оствари службено патување во Црна Гора на 12 и 13 април 2011 година како активности предвидена во рамки на Темпус проектот.
2. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска, вон. проф. д-р Валентина Гечевска и асс. м-р Бојан Јованоски заради присуство на тренинг престој на Европските партнер институции на Универзитетите во Загреб и Марибор остварија службено патување во Хрватска и Словенија од 6-9 април 2011 год.
3. Проф. д-р Зоран Пандилов заради презентација на резултатите од научниот проект и воспоставување на научно едукативна соработка со колегите од Машинските факултети во Виена и Прага оствари службено патување во Австрија и Р. Чешка во период од 4-16 април 2011 година.
4. Вон. проф. д-р Алекса Малчески заради присуство на седницата на Бордот на MACCEE оствари службено патување во Р. Грција од 30 март до 3 април 2011 година.
5. Доц. д-р Роза Ацеска заради учество на средбата со преставниците од Природно-Математичкиот факултет оствари службено патување во Нови Сад, Р.Србија од 7-10 април 2011 година.
6. Асс. м-р Кристина Јакимовска заради учество на меѓународни конференции во месец април 2011 година оствари службени патувања во Р.Србија и Р.Словенија.
7. Асс. м-р Александар Костиќ заради учество на меѓународни конференции во месец април 2011 година оствари службени патувања во Р.Србија и Р.Словенија.

**КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК**

**01.05.2011**
**Ден на Трудот, односно 2 мај (понеделник) е неработен ден**

**24.05.2011**
**„Св. Кирил и Методиј“ Ден на сесловенските просветители**

**24.05.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**26.05.2011**
**31 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, април, број 100**

# *ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР*

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

Традиционалниот Отворен ден во организација на МФС се одржа на 16.04.2011 год. Повеќе од стотина идни студенти ги посетија просториите на МФС при што им се даде можност лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди нашиот факултет.

